**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4976/**

# З А П И С Н И К

**Од 164.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 28.09.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Ајтен Власаку Мехмети-директор на МРА, Дарко Стефановски – Претседател на Надзорен одбор на МРТ,Захарија Вулгаракис-Директор на МТВ и Маја Цветановска-Одделение за координација и евиденција во МРА. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,164.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 163.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација од Комисијата за утврдување на евентуална одговорност во МРТ.

3. Разгледување на Одговор од Одделението за координација и евиденција во МРА со бр.13-4590/2.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 163.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 163.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 163.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 163.седница е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информација од Комисијата за утврдување на евентуална одговорност во МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац на почетокот на расправата по оваа точка му даде збор на Директорот на МТВ Захарија Вулгаракис кој во своето излагање објасни дека на ден 24.09.2021 година беше одржана седница на Комисијата за утврдување на одговорност формирана согласно Одлука на Директорот на ЈРП МРТ број 03-1276/2 од 16.03.2021 година, заради разгледување на доставените податоци по години и тоа поединечно за Македонското радио и Македонската телевизија за емитувани авторски музички дела од базата на податоци од ЗАМП, за период од 2016 година заклучно со 2020 година на програмите на ЈРП МРТ.
Членовите на Комисијата ја разгледаа дополнителната документација, како и податоците од топ листата на 20 (дваесет) најемитувани песни на Македонското радио и Македонската телевизија подготвени од стручната служба на ЗАМП кои што беа доставени од Претседателот на комисијата на самата седница.
Согласно приложените подадоци од страна на ЗАМП за емитување на аудиовизуелни дела на програмите на МРТ, комисијата уште еднаш констатира дека постојат сомнежи за евентуален судир на интереси и поставување на личен финансиски интерес во судир со положбата и статусот на вршители на јавна услуга во јавното претпријатие, односно дека постои можност дел од нив да ги фаворизираат своите авторски дела со цел остварување на финансиски интерес и за таа цел комисијата одлучи во најкраток времески период да поднесе предлог/барање со целокуппната расположлива документација до Државната комисија за спречување на корупција и судир на интереси на нивно натамошно постапување и утврдување дали навистина постои оправданост на индициите за судир на интереси.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија исткана дека е добро тоа што комисијата ги превземала овие чекори и дека треба да продолжи понатака со постапката, но и дека треба истовремено да се размислува за подготовка и донесување на еден правилник со кој ќе се регулира целата оваа материја.
Збор зеде и Снежана Клинчарова која ја поздрави информацијата од Комисијата за утврдување на конфликт на интереси при МРТ, особено што целиот материјал ќе биде испратен до Државната комисија за спречување на корупција и судир на интереси, но смета дека е важно, ако не и поважно, комисијата во МРТ да ја продолжи својата работа и го поддржува нејзиниот претседател во намерата да се вклучи и Етичката комисија на куќата, како и тоа да бидат повикани одредени музички уредници на разговор. Овој скандал со можните злоупотреби на релација музички уредници вработени во МРТ и ЗАМП мора да се расчисти. За таа цел Клинчарова упати повеќе прашања до комисијата на кои очекува одговор, особено на заклучокот:
**1.**Дали Комисијата се информирала за законската регулатива како основа при утврдувањето на евентуалните злоупотреби и конфликтот на интереси кај музичките уредници во МРТ?
**2.**Како се прави увид, проверка и контрола на работата на одделенијата за координација и евиденција, особено во делот на емитуваната музика (законска обврска е 5 години да се чува евиденцијата)?
**3.**Колку пати во изминатите 5 години е побаран увид во електронскиот систем на ЗАМП? Кој тоа го прави во име на куќата?

**4.**Дали се детектирани можните злоупотреби во МРТ и ЗАМП? Да се споредат дневните листи од уредниците за емитување музика со листинзите за емитувана музичка програма, испратени во ЗАМП, од една страна,и од друга, да се компарираат со УВИДОТ, односно со листинзите од електронскиот систем на ЗАМП?
**5.**Дали се проверуваат листите за најкористени, најемитувани 10 дела во МРТ, односно посебно во МРА и МТВ? И што е превземено во врска со тоа, затоа што од 10 композиции, 8 се од автори вработени во куќата ( и во радиото и во телевизијата)?
**6.**Конечно, да се утврди како и зошто баш на Јошко Бошковски му е одобрено да ги промени шпиците и џингловите на програмите на МРА? ( Во ЗАМП се пријавени 107 џинглови и шпици од 10 секунди-1 минута)
-Распишан ли е конкурс за избор на композитор?
-Има ли одлука на менаџментот или друго тело во МРТ?
-Според кои критериуми е избран токму Јошко Бошковски кој нема стекнато статус на афирмиран автор, ниту има создадено барем едно општо препознатливо дело, врз чија основа би стекнал статус на еден од најпознатите и најплатените музички автори? (Пример за 2019/20 година според неофицијални информации од лица од стручната служба на ЗАМП дека горeспоменатите музички уредници добиле три пати повеќе пари од најафирмираните автори во државата ( 7 - 8 000 евра ) кои имаат голем придонес за растежот и афирмацијата на мекедонската музика.)
**7.**Дали комисијата ги превземала или ќе ги превземе горенаведените и други чекори во утврдувањето на одговорност и конфликт на интереси кај музичките уредници во МРТ?
**8.**Сето ова заради професионалноста, етиката и моралот што мора да бидат присутни во МРТ и заради 400 – 500 000 евра, пари на куќата, односно на граѓаните што годишно одат за ЗАМП, мора да се испита и открие на кого и за чија музика се трошат овие пари. И зошто музичката програма и продукција после 30 години е падната на најниски гранки?
**9.**Заклучок:
Во најбрз можен рок да се изработи Правилник,сеопфатен и прецизен, со кој ќе бидат сведени на минимум злупотребите во куќата во областа на музичките програми.
Работен наслов:Правилник за емитување на музика од автори вработени во МРТ.
Тој треба да пропишува правила за:
-Изработка на шпици и џинглови,
-Пуштање во етер на свое дело,
-Да биде опфатена работата на одделенијата за координација и евиденција,
-Процедура за изработка и издавање на листинзите,
-Интерна комисија како систем на контрола, која неделно, месечно и годишно ќе врши контрола во МРТ и ЗАМП,
-Како и други сродни области.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац во продолжение дополни во врска со џингловите, да се конслутира експерт за авторско право, кој ќе утврди дали е можно џинглови што се изработуваат во МРТ од вработени во куќата да се добиваат тантиеми за тие исти џинглиови.
Потоа за збор се јави и Гајур Рамадани кој истакан дека Клинчарова добро ја сработила целата тема и дека сега ние како совет треба озбилно да ја изанализираме целата работа, Гајур постави две прашања до директорот по однос на Комисијата и тоа кога е формирана,до сега колку се одржани седници од истата и колку членови брои, и мора комисијата да работи за да открие злоупотреба на службена должност, а не да се бави со посочување на разни сомненија и сл.
Директорот на МТВ Захарија Вулгаракис одговори дека комисијата е формирана во јуни и посочи дека членови на комисијата се: Горан Атанасов од заеднички функции и

администрација, Ајтен В Мехмети како Директор на МРА, Лозенка Мицевска од одделението за правни работи и тој самиот како Директор на МТВ.
Комисијата има одржано неколку состаноци до сега, има премногу работа при која се соочивме со многу технички проблеми на почеток, но ќе продолжиме со нови седници понатака и посуштински и како ќе доаѓамае до нови информации ќе ве известуваме вас како Програмски совет на МРТ.
Директорката на радиото Ајтен Власаку Мехмети истакна дека ја поздравува оваа иницијатива на советот и потенцираше дека на комисијата и епотребно уште време за да се дојде до конкретни информации, и во продолжение истакна дека ја подржува иницијативата за изработка и носење на правилникот за емитување на музика, кој би помогнал многу да се разјаснат многу работи, како и тоа и тоа дали авторите кои се вработени во МРТ ќе можат да пуштаат своја авторска музика.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Одговор од Одделението за координација и евиденција во МРА со бр.13-4590/2.**
По однос на оваа точка претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац поради фактот што материјалите кои се добиени за оваа точка не се читливи и се во формат кој не ги дава бараните информации, предложи тука да се исцрпи расправата, и информациите по оваа точка ќе бидат обезбедени преку работата на комисијата.

**ТОЧКА 4:Разно.**
Откако претседателката на Програмскиот совет го прочита демантот испратен од Јошко Бошковски за збор се јави Снежана Клинчарова која истакна дека со кусиот неаргументиран демант во кој клучни зборови се ,,лагите,,, ,,невистинити суми,, и дека според правилникот на ЗАМП сите податоци се деловна тајна, всушност не се демантира ништо. Односно, не е прецизирано за колкави вистинити суми станува збор.
Со оглед на фактот дека со записникот од 159 седница на Програмскиот совет, побарано е од Комисијата која го испитува судирот на интереси кај уредниците во МРТ да достави информација по однос на случајот со Јошко Бошковски и ЗАМП, вклучително и последната информација за добиените средства во последните неколку години. Уште еднаш е побарано Комисијата, согласно најавените активности од Претседателот на оваа седница, да го повика уредникот Јошко Бошковски и таму со докази (годишен извештај од ЗАМП кој господинот Бошковски го има добиено или со извод од банка за предметните години и да се утврди вистината за која ќе биде информиран Програмскиот совет на една од наредните седници).
Клинчарова, уште еднаш нагласи дека е итно потребно донесувањето на Правилник со кој би се затнале сите дупки преку кои се вршат злоупотребите на релацијата: музички уредници од МРТ и ЗАМП.
Маја Цветановска од одделението за координација и евиденција во МРА со објаснување дека листингот кој го дале за емитувана музика на Македонското радио содржи емитувана песна и кој ја изведува таа песна.Тие податоци ги доставуваме така до ЗАМП со години, за ЗАМП се ти доволни податоци бидејќи таму ги имаат регистрирано сите нивни автори, текстописци и аранжман, а ние такви податоци во Македонското радио не поседуваме.
Седницата заврши во 12:40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател